Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 398/0306
13.08 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 август 2019 година, врз основа на примена жалба од Хелсиншки комитет за човекови права, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот „Прес центар“, со текстот насловен „Ноќен живот во Скопје: Во центарот на Скопје една БАБА преку триста луѓе заебава. Бабе – ако не ти се допаѓа во центар, ќе ти најдеме место во Сју Рајдер“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 6, 10 и 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 јули 2019 година, Здружението на граѓани Хелсиншки комитет за човекови права, поднесе жалба за текстот насловен „Ноќен живот во Скопје: Во центарот на Скопје една БАБА преку триста луѓе заебава. Бабе – ако не ти се допаѓа во центар, ќе ти најдеме место во Сју Рајдер“, објавен на 29 јуни 2019 година, на Интернет – порталот Прес центар (www.presscentar.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи пристрасност во информирањето и назастапена втора страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет – порталот Прес центар и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 15, а со мнозинство гласови и во членовите 6 и 10.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 6:*** *„Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспиви со новинарската професија. Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрација“.*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 август 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврશија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека текстот е тенденциозен, еднострaн и со незначителен јавен интерес. Авторот е анонимен, а целиот новинарски производ повеќе наликува на рекламен текст за ноќен клуб, отколку за проблемски обработена содржина.

Членовите на Комисијата се согласија дека новинарот не испочитувал минимум новинарски стандарди за да обезбеди објективна информација и заради согледување на сите значајни аспекти за темата за која пишува. Наместо тоа, авторот користи дискриминаторски јазик и нуди готови и еднострани заклучоци, во случајов за возрасна жена која наводно им ја „уништувала“ забавата на гостите во ноќен клуб во Скопје, поради тоа што се жалела на гласната музика и повикувала полиција. Иако содржината не е од поширок јавен интерес, авторот можел и требало да ја прошири сторијата и да побара информација од сите засегнати страни, како на пример, од станарите во зградата, каде што е лоциран клубот, за да ги потврдат или отфрлат тврдењата на жената која е цел на обвинувањата во текстот. Наместо тоа, авторот се служи со лични оценки и користи наводни ставови од гостите и од персоналот на кафулето. Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 1 од Кодексот** на новинарите, во кој посебно се издвојува следната реченица:

***„Се' беше убаво додека БАБЕТИНАТА засега се' уште непозната за нас (ама ќе ја посетиме) повикала полиција бидејќи и' сметало зашто 300 луѓе се забавуваат, а нејзе и пречи музиката и ја ВОЗНЕМИРУВАЛА“.***

Новинарот треба да обезбеди „втора страна“, односно да им даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обинувања или кога некој е цел на напад и критика.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во продолжение, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и **членот 10** од Кодексот на новинарите, во кој, меѓу другото, е содржана и дискриминацијата по различна основа. Во случајов, Комисијата во текстот препозна дискриминација врз основа на возраст, која се отсликува во следната реченица од текстот:

***„Една порака до нас БАБЕ. Немој да се подјебаваш со младината и да си правиш „забава" во приватна режија, ако не ти одговара локацијата, има чаре за тоа, продај си го станот и патот во „Сју Рајдер".***

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

Понатаму, членовите на Комисијата констатираа дека авторот на текстот се служи со вулгарен и непримерен јазик, што се коси со начелото дека новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката, содржано во **членот 15** од Кодексот на новинарите. Прекршувањето на овој член од Кодексот е воочливо уште во самиот наслов од текстот:

***„Ноќен живот во Скопје: Во центарот на Скопје една БАБА преку триста луѓе заебава. Бабе – ако не ти се допаѓа во центар, ќе ти најдеме место во Сју Рајдер".***

Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа.

Комисијата, на крајот, во новинарскиот производ препозна и елементи кои упатуваат на таканаречено „скриено рекламирање". Во рамките на самиот текст (по првиот пасус), вметната е рекламна фотографија со логото на кафе - барот „Casa Cubana", а веднаш потоа и линк од Фејсбук страницата на истиот правен субјект. Таквиот начин на изработени текстови е недозволив во новинарската професија, а каков било промотивен текст мора да биде јасно издвоен од новинарските содржини. Под прикриено рекламирање, всушност, се продразбираат сите пропагандистички содржини кои по својата форма и начинот на подготовка личат на автентичен новинарски текст, така што читателот/гледачот не може да ја разликува неговата пропагандистичка функција од новинарската содржина (на пример, многу прилози и текстови за „успешните" приватни универзитети, новите производи или услуги на одредени компании). Во овој контекст, Комисијата се согласи дека во текстот е прекршен и **членот 6** од Кодексот на новинарите, според кој не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрација.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Прес центар“ (www.presscentar.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595